Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Дар Еко Градба Дооел,** за кастрење на дрва, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: кастрење на урбано зеленило ( јавно зеленило) односно намалување на висината на стеблата на 5 (пет) дрва (ореви) што се наоѓаат **на ул. “Леринска” бр.3 – Скопје.**
2.Кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило".

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**Дар Еко Градба Дооел, ул. “Леринска” бр.3, поднесе барање** до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје, заведено под бр. **14-6/920** од **02.12.2025** година, за кастрење на дрвата, односно намалување на висината на стеблата што се наоѓаат **на ул. “Леринска “ бр.3 – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје заедно со службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. Утврдено е дека дрвата предмет на барањето се навалени над објектот на барателот, истите можат да паднат и причинат материјална штета, а заради експозиција на теренот нивните корени го штитат земјиштето од спуштање или ерозија, поради тоа на истите треба да се намали висината на стеблата.

Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18, 42/20 и 224/24), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план, како и архитектонско-урбанистички проект.

Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,,. Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.

Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило, дека зеленилото е во состојба дека треба да се искастри, односно да се намали висината на стеблата, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/920/2**
**17.12.2025** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот
-ЈП “Паркови и зеленило”
-Архива

Виш соработник

**Марија Стојановска**

_____________________

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**

_____________________

Помошник Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**

_____________________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**

_____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT